**Оглас за ангажирање на Ромка за имплементација на Локален акциски план за вработување на Ромки на Општина Ѓорче Петров**

Општина Ѓорче Петров објавува јавен оглас за работно ангажирање на Ромка, на определено време за периодот до 31 декември 2022 година.

Општина Ѓорче Петров во соработка со ХЕРА – Асоцијација за здравствена едукација и истражување креираше и на Совет усвои Локален акциски план за вработување Ромки на општина Ѓорче Петров. Целта на овој Локален акциски план е да се поттикне зголемувањето на учеството на Ромките на пазарот на трудот.

За потребите на општината, а со цел реализација на активностите на Локалниот акциски план за вработување Ромки, Општина Ѓорче Петров објавува оглас за ангажирање на една (1) Ромка.

**Опис на работни задачи:**

- Целосна имплементација на предвидените активности во рамки на Локалниот акциски план за вработување;
- Постојана комуникација и координација со координаторката на општината и координаторката на Групата за застапување за еднакви можности при вработување[1];
- Одговорна за административните и логистичките аспекти во спроведувањето на активностите од планот;
- Подготовка на месечни извештаи за спроведените активности.

Ангажманот вклучува и теренска и канцелариска работа со работно време од 20 часа неделно.

Кандидатките треба да ги исполнуваат следните критериуми:

- Диплома за завршено средно образование;
- Основно познавање од работа со компјутер;
- Насоченост кон навремено исполнување на задачите;

[1] Групата за застапување за еднакви можности при вработување Ромки е неформална група која активно работи на мониторинг на имплементацијата на стратешките документи и политики наменети за Роми, и се залага за нивно подобрување. Во моментов, Групата е единствена иницијатива составена од Ромки активистки која застапува за подобрување на можностите за вработување Ромки. Групата функционира како дел од проектот „Вработена Ромка = Независна Ромка“ кој го имплементира ХЕРА – Асоцијација за здравствена едукација и истражување со финансиска поддршка од шведската Фондација „Квина тил Квина“.

- Одлични вештини за комуникација;
- Сензибилизираност за работа со маргинализирани и социјално исклучени групи на граѓани.

Работниот ангажман е за периодот до 31 декември 2022 година, со 20 часа работно време неделно. За овој ангажман предвиден е месечен финансиски надомест.

Заинтересираните кандидатки треба да достават биографија (CV) на македонски јазик најдоцна до 18 февруари 2022 година електронски на следната:

е-маил адреса d.v.saveska@opstinagpetrov.gov.mk или да ги поднесат во општинската архива на Општина Ѓорче Петров.

Кандидатките кои ќе ги достават бараните документи ќе бидат повикани на интервју по завршувањето на конкурсот.

За секакви дополнителни информации контактирајте го лицето Данче Василевска

Тел. 070 397 047